Association for Democratic Initiatives

NGO IN SPECIAL CONSULTATIVE STATUS WITH THE ECOSOC OF THE UN

Референтен број: 0507-317

**Предмет:**
Барање за доставување на понуди за ангажирање на (2) двајца експерти за подготовка на менторска програма (20) дваесет страници за јакнење на капацитети на претставниците на јавната администрација за борба против дискриминацијата и спроведување на 6 (шест) менторски сесии за 50 (педесет) претставници на јавната администрација, во рамки на проектот „Рамноправноста низ призма на статистиката“. Проектот е финансиран од Европската Унија, преку програмата за грантови „Поддршка на граѓанското општество“, во рамки на Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР) 2021.

***Почитувани,***

Здружението Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ), Ве поканува да доставите понуда за испорака на услуги за подготовка на менторска програма на 20 (дваесет) страници за јакнење на капацитети на претставниците на јавната администрација за борба против дискриминацијата и спроведување на 6 (шест) менторски сесии за 50 (педесет) претставници на јавната администрација, во рамки на проектот „Рамноправноста низ призма на статистиката“.

1. Понудата доставена од **физички лица** треба да ги содржи следниве информации:

- Прилог 1. Кратка биографија;
- Прилог 2. Предлог методологија на работа;
- Прилог 3. Изјава за ексклузивност и достапност;
- Прилог 4. Образец за финансиска понуда

**Дополнителни прилози:** Најмалку два труда/анализи од слични работни ангажмани на експертот.

2. Понудата доставена од **правни лица** треба да ги содржи следниве информации:

- Тековна состојба на добавувачот не постара од 6 месеци;
- Кратка биографија на двајца експерти (Прилог 1);
- Понудена методологија (Прилог 2);
- Потпишана изјава за ексклузивност и достапност (Прилог 3).
- Финансиска понуда (Прилог 4);
- Преглед на реализирани услуги (Прилог 5);
- Предложени експерти (Прилог 6);
- Потпишана изјава за непостоење на услови за исклучување на добавувач (документ во прилог, прилог 7);

**Дополнителни прилози:** Најмалку два труда/анализи од слични работни ангажмани на предложените експерти или правното лице.

**Забелешка:* Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки, даноци и такси, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Оттаму, единечните цени кои вклучуваат ДДВ нема да бидат прифатени.

Документацијата која се поднесува во копија треба да е заверена од добавувачот со печат и потпис од одговорното лице, со назнака „Верно на оригиналот“.

Понудата се доставува во затворен коверт до архивата на Здружението Асоцијација за демократска иницијатива – АДИ (бул. Браќа Ѓиноски бр. 61, 1230 Гостивар). На надворешната страна на ковертот наведете: ,,За тендер Реф. Бр. 0507-317“ позицијата за која аплицирате, експерт, и текстот "Да не се отвора пред сесијата за евалуација”. Докумените во понудата доставени по е-пошта треба да се скенирани и со печат и потпис од одговорното лице.

Во случај на доставување на понудата по електронски пат, целокупната скенирана докуменација се доставува на следната е-пошта: sunchica@adi.org.mk

Краен рок на доставување на понудите е 14 дена од објавување на повикот, но не подоцна од 01.07.2025, 16:00 часот.

Сите понудувачи кои доставиле понуди кои ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на евалуционата комисија и соодветно известени. Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.